

**Христијан Мицкоски, новиот председател на ВМРО ДПМНЕ ќе биде иден Премиер на Македонија**

Самиот избор како и секогаш во Македонија е пропратен со " јасновидци, генијалци и најпаметни" сеирџии кои колку и да грешат, ќе речат - што ти реков, знаев, ама кој да ме слуша ...

Зошто Христиан Мицкоски беше фаворит и сите други во сенка? Дајте со оладени глави да размислуваме, не со однапред замислени предрасуди.

Христијан е пред се толку наобразован и навистина народски кажано, боли глава.

Толку едукација, научни трудови и дипломи немаат сите председатели на сите земји од Г7 до Г20 заедно со нивните секретари или секратарки, сеедно.

Познат е по барање дисциплина и тоа мене лично, не знам колку вас, многу ме радува. Исто така бара секој еден што има било каква убава и добра идеја за Македонија или економијата, спремен е на секој добронамерен да му подаде рака и да го вклучи во неговиот тим.

Гледајќи го интервјуто со него, заклучив дека се работи да образован,културен и достоен политичар кој ќе биде пример надалеку.

Има и неверни Томи кои сметаат дека е "човек" на Бејли па наводно ќе "тргувал" со името и бла, бла, бла ...

Почитувани Македонци, уште Христијан не седна да се одмори а му предскажавте се што ќе прави и направи.

**Па ајде кажете кога се знаете, кога ќе ме тресне лото или кога козата на комшијата ќе му умре?**

Зошто бре не отидете на Кале и таму ете влезете и борете се со Бејли, мислам на културен и цивилизиран начин, со докази, реноме и репутација. Доколку не знаете како,што и зошто ... оставете Христијан со ВМРО ДПМНЕ да се борат како тие мислат и милуваат. Да му дадеме шанса да работи и тој ќе сработи за сите нас.

ВМРО ДПМНЕ беше основа создадена за браник на Македонија од Драган Богдановски како дисидент од дијаспората.

Со Никола Груевски и неговите корени од беломорскиот дел на Македонија па во моментов со Христиан Мицкоски, немаме избор да критикуваме и изигруваме Нострадамуси, туку напротив, да удриме сите заедно посилно против хунтата.

Исто верувам во Мане Јаковлески, кој заедно со Драган Богдановски во Берлин ја донесоа одлуката за основање на ВМРО ДПМНЕ и беше на Конгресот до Христијан Мицкоски. За мене е тоа добар знак.

**Едно знам и сигурен сум - ДРАГАН БОГДАНОВСКИ БИ СЕ ГОРДЕЕЛ СО ИЗБОРОТ НА ХРИСТИЈАН МИЦКОСКИ ЗА ПРЕДСЕДАТЕЛ НА ВМРО ДПМНЕ.**

Да бидеме здрави и живи и да паметите кој што рекол и направил за Македонија.

Христијан Мицковски, со среќа нека ти е председателството и само напред, со Божја помош за спас на Македонија !!!

АМИН!



**Александар Џеповски-Австралија**